Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-254/4
28.04.2025 година

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на РСМ" бр. 258/2020 од 30.10.2020), а во врска со претставка бр. 08–254/1 од 26.2.2025 година, на ден 25.4.2025 година го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-254/1 од 26.2.2025 година, поднесена од [redacted] од Кавардци **поради ненадлежност.**

## Образложение

На 26.2.2025 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација поднесена од [redacted] за извршена дискриминација врз основ на потекло, социјално потекло и личен и општествен статус во областа на работата и работните односи, против Друштво за софтверски услуги [redacted] Скопје.

Согласно наводите од претставката, подносителот бил вработен кај наведениот потенцијален дискриминатор со договор за вработување на неопределено време од 252.2021 година, на работно место софтверски инженер. Оттука, на 21.12.2023 година му прекинал работниот однос согласно решение донесено врз основа на член 81 од Законот за работни односи, при што во предметното решение е образложено дека подносителот не ги извршувал и несовесно и ненавремено ги извршувал работните обврски, не се придржувал кон прописите што важат за градење на работите на работното место и покрај посочувањата од менаџментот, не се придржувал кон работното време, распоредот и користењето на работното време (кое било флексибилно, со почеток на работни активности помеѓу 8:00 и 12:00 часот), со што ја отежнал соработката со колегите во тимот, и не побарал отсуство или навремено писмено не го известил работодавачот за отсуството од работа. Поради претходно наведените причини, на подносителот му бил откажан договорот за вработување, при што и приговорот на истиот бил откажан како неоснован, со дополнително подетално образложение за причините за отказот.

Во продолжение на претставката, подносителот се повикува на член 6 и 7 од Законот за работните односи, односно одредбите за забрана на дискриминација, во продолжение на што образложува дека е ставен во нееднаква положба поради лично убедување, при што наведува дека не носел т.н. „фантомка", но поради лошиот квалитет на камерата и слаботo осветлување, можело да се разликува само силуетата на работникот, при што наведува дека изгледот или облеката на работникот не можат да бидат основа за тврдење за неправилно или штетно однесување, бидејќи поранешниот работодавач на подносителот немал утврден дрес – код. Во однос на овие наводи, дополнително е истакнато дека во доказите во судската постапка насловен „Извадок од сликата од видео и аудио состанокот од месец февруари 2023

година“, подносителот не бил информиран дека состанокот би бил сниман, ниту пак дал согласност за истото.

На крајот на претставката, подносителот истакнува дека со наведените дејствија, работодавачот сторил дискриминација која имала за цел и претставува повреда на неговото достоинство, а предизвикало страв или создало непријателско, понижувачко и навредливо однесување од страна на неговиот поранешен работодавач. Дополнително на ова, наведено е дека подносителот води судска постапка за поништување на одлуката за отказ на договорот за вработување.

На ден 20.3.2025 година, подносителот достави уредување на претставка бр. 08-254/3 согласно барањето за доуредување испратено од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 7.3.2025 година. Во истото, беше доставена документацијата во врска со поднесената претставка, а која се состоеше од:

- Решението за престанок на работниот однос на подносителот од 21.12.2023 година;
- Одлука за одбивање на приговорот по горенаведеното решение од 29.12.2023 година;
- Одговор на тужба поднесен од страна на тужениот Друштво за софтверски услуги [redacted] ДОО Скопје.

Подносителот на претставката не ја доуреди истата во однос на образложението на наведените дискриминаторски основи – потекло, социјално потекло и личен и општествен статус.

Членот 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација утврдува дека се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Директна дискриминација, согласно член 8 став 1 од истиот Закон, постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Во конкретниот случај Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за дејствување кое спаѓа во нејзината надлежност, при што Комисијата од изнесените факти и околности во претставката утврди дека во описот на претставката не станува збор за повреда на правото на еднаквост согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, при што тврдењето за сторена дискриминација врз дискриминаторските основи наведени во претставката не е сторено веројатно.

Имајќи ги во предвид горенаведените факти и околности, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно законските надлежности од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради ненадлежност. Оттука, имајќи ја во предвид содржината на

претставката, Комисијата го упатува подносителот да продолжи со водењето на судската постапка за спор од работен однос.

Согласно горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Заменик-претседателка на Комисијата
Флора Кадриу

Доставено до:
- [redacted]



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk